СОЈУЗ НА СТОПАНСКИ
КОМОРИ НА МАКЕДОНИЈА
ВОДЕЧКА МАКЕДОНСКА ДЕЛОВНА МРЕЖА

0302-136-1/18
Скопје, 17.12.2018

**До: Министерство за финансии**
**ул. Даме Груев бр. 12**
**1000 Скопје, Република Македонија**

**За: г. Драган Тевдовски, министер**

**Предмет: Коментари на Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на добивка**

Почитуван г. Тевдовски,

Би сакале да искажеме благодарност за соработката која досега ја остваруваме и која се надеваме дека поуспешно ќе ја спроведуваме во иднина.

Ве информираме дека во врска со објавениот Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на добивка на Единствениот национален електронски регистар на прописи на Република Македонија (ЕНЕР), Сојуз на стопански комори на Македонија спроведе консултации со компаниите членови и идентификуваше коментари. Во оваа насока, истите ги проследуваме и Ве молиме да ги разгледате и земете во предвид бидејќи се истакнуваат од страна на приватниот сектор кој секојдневно ја имплементира регулативата и врз основа на тоа дава забелешки кои ќе ја унапредат и допринесат за поквалитетно спроведување.

**Коментари:**

1. Член 4 од предлог законот предвидува нов член 9-а во Законот за регистрирање готовински плаќања. Во став 2 од член 9-а се пропишува пресметување на амортизација според Номенклатурата на средствата за амортизација која според став 6 од истиот член треба дополнително да ја донесе Владата на Република Македонија. Би сакале да потсетиме дека претходно веќе имаше донесено ваква Номенклатура но истата не соодветствуваше со точките 60 до 62 од МСС 16 и точка 17.22 и 17.23 од Оддел 17 од МСФИ за МСЕ и поради тоа беше укината. Во таа насока, потенцираме дека доколку се пропишува Номенклатура за амортизација истата мора да биде усогласена со предвидените методи на амортизација од МСС и МСФИ (праволиниски метод, метод на опаѓачко салдо и метод на единици на производство) и истата да биде подготвена од страна на стручен тим на лица, за да биде соодветна, квалитетна и применлива.

2. Согласно член 4 од предлог закон со кој се предвидува нов член 9-а во Законот со кој понатаму во став 5 се пропишува дека „Преостанатата сегашна вредност на средствата кои не можат понатаму да се користат може да се амортизира во целина независно од пропишаниот век на траење. За таквата амортизација во целина да влезе како расход при утврдување на основата за оданочување потребна е согласност од органот за јавни приходи, по поднесено писмено барање најдоцна до 31 јануари во годината која следува по годината за која барањето се поднесува." Напоменуваме дека обезвреднувањето и

отпишувањето на основните средства се регулирани со МСС 16, МСС 36, Оддел 17 од МСФИ за МСЕ и Оддел 27 од МСФИ за МСЕ. Според меѓународните стандарди едно средство може да се обезвредни „доколку и само доколку, надоместливиот износ на средството е помал од неговата сметководствена вредност...", додека средство може да се отпише „...кога не се очекуваат идни економски користи од нејзината употреба или отуѓување." Вообичаени причини за отпис се скапи или непоправливи дефекти предизвикани од објективни причини и виша сила, технолошка застареност на опрема итн.

Согласно наведеното сметаме дека доколку целта на измените е да се спречи злоупотреба на можностите за обезвреднување и отпишување на основните средства истото може да се постигне без да се наметнува обврска за добивање на согласност од страна на Управата за јавни приходи за секој поединечен случај, туку само во оние ситуации кога отписот значајно би влијаел врз утврдувањето на даночната основа и износот на самиот данок.

Предлагаме обврската од став 5 да важи само за даночни обврзници кои обезвреднувањето или отписот го прават во даночен период во кој имале приход поголем од 25.000.000 денари и само доколку со таквото дејство ја намалуваат даночната основа која би се утврдила без обезвреднувањето или отписот за повеќе од 20%.

3. Со член 21 од предлог законот се предвидува нов став 3 во член 48 од Законот кој гласи: „Исплатите на акумулираните добивки за дивиденди и други распределби се вршат последователно почнувајќи од најрано настанатата добивка." Со член 22 од предлог законот се предвидува нов член 48-а во Законот, каде став 4 би гласел: „Покривањето на загубите од акумулираните добивки се врши последователно почнувајќи од најрано настанатата добивка."

   Сметаме дека горенаведените предлози треба целосно да се избришат бидејќи се спротивни со одредбите на Законот за трговски друштва (ЗТД) каде се уредени овие прашања. Дополнително повеќе затоа што Законот за данок на добивка не е закон со кој се уредени овие прашања и со кој треба да се уредат истите. Имено со член 483, став 2 од ЗТД е уредена одлуката за распоредување на добивката каде се прикажува секоја поединечна намена на добивката. Понатаму, со член 484 став 2 од од ЗТД е уреден редоследот на покривањето на загубите кое се врши редоследно од следните извори кои се наведуваат во одлуката за покривање на загубата, и тоа: 1) акумулирана добивка; 2) на товар на задолжителната општа резерва; 3) на товар на посебните резерви за покривање загуби; 4) премии и 5) на товар на основната главнина, со нејзино намалување. Самата исплата на дивиденда е уредена со член 487 од ЗТД, каде според одредбите од став 2 органот на управување може да исплати дивиденда во износ којшто не ја надминува вкупно остварената добивка искажана со годишната сметка и со финансиските извештаи, зголемена за пренесената нераспределена добивка од претходните години или со резервите кои можат да се распределуваат, односно кои ги надминуваат законските резерви и резервите определени со договорот за друштвото, односно со статутот и ако се покриени загубите од претходните години, ако тие од кои било причини не биле покриени со последната одобрена годишна сметка и со финансиските извештаи.

Согласно наведеното, сметаме дека распределбата на добивките, исплатата на дивиденди и покривањето на загубите треба да продолжи да се врши согласно одредбите од ЗТД.

4. Член 3 од предлог законот предвидува да во членот 9, став 1, точка 2, алинеја 8 од Законот за регистрирање на готовински плаќања по зборот: „износ" се додаваат зборовите „но најмногу до 60.000 денари на годишно ниво". Сметаме дека предлог измената треба да се избрише бидејќи ограничувачкиот износ претставува ниска сума која во пракса опфаќа пример 2 пати во годината службено патување во регионот и ќе предизвика негативни ефекти во услови кога компаниите се стремат да спроведуваат поголема промоција, развој, извоз и наоѓање на нови трговски партнери. Во таа насока, наведеното единствено ќе го ограничи развојот на компаниите.

   Во истиот член од предлог законот, по точката 17, се предвидува да се додаде нова точка 18 во Законот за регистрирање на готовински плаќања која ќе гласи: трошоците за нето износот на примањата на вработените по основ на деловна успешност кои што заедно со пресметаната плата го надминуваат износот на највисоката месечна основица за пресметување и уплата на придонесите согласно закон." Сметаме дека овој предлог треба да се избрише бидејќи не треба да се плаќаат екстремно високи проднеси за пензиско и инвалидско осигурување, како и здравствено осигурување кога истите не нудат соодветни услуги и лимитирана е пензијата.

5. Член 6 од предлог законот предвидува во членот 11, ставот 2 од Законот за регистрирање на готовински плаќања да се избрише. Предлагаме да наместо оваа измена, да се избрише цел член 11 или да е рокот три години, а не 31.12. како сега. Сметаме дека не е соодветно непризнаен расход да е невратена позајмица која се дала два дена пред завршување на годината.

6. Член 8 од предлог законот предвидува воведување на нов член 12-а кој ќе гласи дека (1) Обврзникот е должен за трансакциите од членот 12 од овој закон да приложи извештај или извештај во скратена форма, со поднесувањето на даночниот биланс. (2) Обврската од став (1) на овој член не се однесува за обврзници кои во текот на годината оствариле вкупен приход во износ помал од 60.000.000 денари. Предлагаме кон предлог измената да се утврди износ од 120.000.000 денари бидејќи на тој начин ќе се однесува за средни и големи претпријатија согласно Законот за трговски друштва кои остваруваат приход над 2.000.000 евра.

7. Член 9 од предлог законот предвидува во членот 13, став 1 од Законот за регистрирање на готовински плаќања зборовите "кое не е банка или друга овластена кредитна институција," се бришат. Во ставот 2 зборовите „кое не е банка или друга овластена кредитна институција, односно не се добиени директно или индиректно од меѓународни финансиски институции и заемите за кои гарантира Република Македонија" се бришат. Сметаме дека е потребно да се избрише овој предлог член од предлог измените на законот бидејќи надлежна институција која врши супервизија на работењето на банките во Македонија е Народната банка на Република Македонија.

8. Член 10 од предлог законот предвидува во членот 14 зборовите „кое не е банка или друга овластена кредитна институција" се бришат. Врзано со претходниот коментар сметаме дека и овој предлог не е соодветен и потребно е да се избрише од предлозите бидејќи Народната банка на Република Македонија е институцијата која врши супервизија.

9. Член 11 од предлог законот предвидува во член 15, став 1, бројот „25“ да се замени со бројот „20“. Овој став предвидува дека “Непризнаен расход за даночни цели е износот на каматите на заемите добиени од содружниците или акционерите – нерезиденти со најмалку од 25% учество во капиталот на друштвото, кои за повеќе од три пати го надминуваат износот на уделот на тој содружник или акционер. Предлагаме да со предлог измената се изврши зголемување на 51% со кое ќе се воведе доминантно влијание и утврди дека станува збор за поврзано друштво, за разлика од предлогот за намалување на 30% кој е незначителен и не подразбира секогаш дека друштвото е поврзано. Истото се однесува и на предлог измената во став 3.

10. Член 12 од предлог законот предвидува дека членот 16 се менува и во став 1, точка 4 се предвидува дека “Еден или повеќе извршни или неизвршни директори или членови на управниот или надзорниот одбор на секое од двете лица се членови во исто трето лице”. Оваа измена е неопходно да се избрише бидејќи во целост не кореспондира со личното право на едно лице да биде член на Управен или Надзорен одбор или друго тело, во повеќе тела односно форми на друштво или пак организации. Со предлог измената се ограничува ова право и ќе се предизвикаат единствено негативни ефекти. Дополнително, друштвата и професионалните организации имаат целосна независност во изборот на членови на извршните органи како Управен и Надзорен одбор и тие се гласани или поставени како лица кои се релевантни за одредена експертиза и може да допринесат за развој и унапредување. Со предлог измената ова нема да биде овозможено.

    Истиот член и став во точка 8 предвидува “Едното лице врши деловни и финансиски трансакции со другото лице кое е странски резидент кој подлежи на законска стапка на данок на добивка што е 25 проценти пониска од онаа на Македонија”. Сметаме дека наведеното треба да се избрише бидејќи би дало позитивни резултати единствено доколку даночната стапка е поголема од 10% и не е во корелација со целите кои има постоечката даночна стапка.

    Истиот член и став во точка 9 предвидува “Едното лице врши деловни и финансиски трансакции со другото лице кое е резидент кој добива државна помош, како што е дефинирано во Законот за контрола на државната помош”. Сметаме дека треба да се избрише предлог измената бидејќи сопственоста се гледа во целост преку Централниот регистар на Македонија и нема потреба за докажување.

    Истиот член, став 2 од предлог измените треба да се избрише бидејќи е врзано со претходните измени за кои сметаме дека не се потребни.

    Истиот член, став 3 предвидува дека За целта на точките 1) и 2) од ставот (1) на овој член, се смета дека физичко лице стекнало удел или акции во основната главнина или гласачки права, кога сопственоста на уделот му припаѓа посредно или непосредно на еден од членовите на истото семејство, или: брачен другар, роднинипо права линија, браќа и сестри, деца на браќата и сестрите, брачни другари на браќата и сестрите, браќа и сестри на брачните другари и родители на брачните другари, браќа и сестри на родителите и хранители и посвоители“. Сметаме дека во целост не е соодветна оваа предлог измена бидејќи истата ќе предизвика бројни негативни ефекти кои ќе резултираат со правно разделување на имотни и семејни прашања, цел која е спротивна од она што како општество се стремиме.

11. Член 22 од предлог законот предвидува воведување на нов член 48-а кој го регулира прашањето на даночните обврзници кои по стапувањето во сила на овој закон ќе вршат

покривање на загубите од акумулираните добивки остварени во периодот од 2009 до 2013 година имаат обврска да пресметаат и платат данок на добивка. Сметаме дека овие мерки кои беа воведени и пред тоа придонесоа голем број компании кои што имаа загуби од 2009 до 2013 година неправедно да плаќаат данок од добивка, бидејќи законодавецот не го интересираше дали има добивка или загуба туку образецот ДБ почнуваше од нула и само се додаваа непризнаените расходи репрезентација, користење сопствено возило и итн. Потребно е наведеното да се корегира и да се избрише оваа предлог измена се со цел да не се создаваат правни ситуации кои се на штета единствено на овие компании.

За сите дополнителни информации, Ве молиме да нѐ контактирате на тел: 02 30 91 440 или на е-маил: info@chamber.mk, контакт лице: Маја Савеска.

Срдечно Ве поздравуваме.

Со почит,

СОЈУЗ НА СТОПАНСКИ КОМОРИ НА МАКЕДОНИЈА ВОДЕЧКА МАКЕДОНСКА ДЕЛОВНА МРЕЖА Скопје

Александар Зарков
Извршен директор
Сојуз на стопански комори на Македонија

*Подготвил:* ______
*Одобрил:* ______